**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп 1 бр. 11-488**
**24.11.2014 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1 алинеја 1, а во врска со член 144 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (**„Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14)** и Извештајот од вонредниот програмски надзор на **ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа Инел Интернационал ДООЕЛ Кавадарци,** бр.11-5800/1 од 24.11.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради објавување на информации на интерниот телевизиски канал што **ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа Инел Интернационал ДООЕЛ Кавадарци** го има воспоставено, а кои не се однесуваат на функционирањето и услугите што ги обезбедува, Директорот на Агенцијата на ден 24.11.2014 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање на мерка - опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА операторот на јавни електронски комуникациски мрежи, **ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа Инел Интернационал ДООЕЛ Кавадарци**, заради повреда на член 144 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), сторена на ден 16.10.2014, 17.10.2014, 21.10.2014, 05.11.2014, 06.11.2014 и 10.11.2014 година, односно поради објавување на информации на интерниот телевизиски канал на операторот, кои не се однесуваат на функционирањето и услугите што ги обезбедува.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на **ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа Инел Интернационал ДООЕЛ Кавадарци,** веднаш по приемот на ова решение да го усогласи своето работење со член 144 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), односно на интерниот телевизиски канал што го има воспоставено, да објавува само информации за функционирањето и услугите што истиот ги обезбедува.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.

Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на ден 21.11.2014 година, врз основ на доставени снимки за периодот 16.10.2014, 17.10.2014, 21.10.2014, 05.11.2014, 06.11.2014 и 10.11.2014 година, од страна на **ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа Инел Интернационал ДООЕЛ Кавадарци,** изврши вонреден програмски надзор на интерниот телевизиски канал што операторот го има воспоставено, при што констатираше дека е направена повреда на член 144 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), на начин што **ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа Инел Интернационал ДООЕЛ Кавадарци**, на интерниот телевизиски канал што го има воспоставено, објавувал информации кои не се однесуваат на функционирањето и услугите што ги обезбедува операторот.

Следствено на тоа, врз основа на член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1, алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Извештајот бр. 11-5800/1 од 24.11.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение за преземење мерка-опомена, со цел усогласување со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Агенцијата му наложи на операторот на интерниот телевизиски канал што го има воспоставено да објавува само информации за функционирањето и услугите што истиот ги обезбедува и веднаш да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Исто така, ќе се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали **ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа Инел Интернационал ДООЕЛ Кавадарци**, постапил по налогот односно опомената и го усогласило своето работење со член 144 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (1)

1. Писмен извештај за извршен вонреден програмски надзор бр. 11-5800/1 од 24.11.2014 година.

Доставено до:
- ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа Инел Интернационал ДООЕЛ Кавадарци;
- Управителот на ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа Инел Интернационал ДООЕЛ Кавадарци;
- Раководител на Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

Примено: 24.11.2014

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 11 | 5800 | 1 | |

**До: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**За: д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, Директор**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (**„Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14 бр.101/14 и бр.132/14)**, се доставува:

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ВОНРЕДЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

**ОПШТО ЗА НАДЗОРОТ:**

Вонредниот програмски надзор во согласност со член 27 став 1, 2 и 4 и член 28 став 1, 2 и 3, а во врска со член 144 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), е спроведен врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи, ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа Инел Интернационал ДООЕЛ Кавадарци, на ден 21.11.2014 година, а врз основ на доставени снимки од интерниот телевизиски канал кој операторот го има воспоставено, за периодот 07.10.2014, 11.10.2014, 13.10.2014, 14.10.2014, 16.10.2014, 17.10.2014, 21.10.2014, 05.11.2014, 06.11.2014, 10.11.2014 и 14.11.2014 година.

**ВИД И ПРЕДМЕТ НА НАДЗОРОТ:**

Вонреден програмски надзор е спроведен во однос на обврската од член 144 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), според кој операторот што има воспоставено интерен телевизиски канал смее да објавува само информации за функционирањето и услугите што истиот ги обезбедува.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**КОНСТАТАЦИИ:**

При извршениот вонреден програмски надзор врз операторот, ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа Инел Интернационал ДООЕЛ Кавадарци, констатирано е дека овој оператор на ден 16.10.2014, 17.10.2014, 21.10.2014, 05.11.2014, 06.11.2014 и 10.11.2014 година, на интерниот телевизиски канал што го има воспоставено, објавувал информации кои не се однесуваат на функционирањето и услугите што ги обезбедува операторот.

**ОПИС НА ПРЕКРШУВАЊЕТО:**

Операторот на јавни електронски комуникациски мрежи, ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа Инел Интернационал ДООЕЛ Кавадарци, на ден 16.10.2014, 17.10.2014, 21.10.2014, 05.11.2014, 06.11.2014 и 10.11.2014 година, објавувал информации кои не се однесуваат на функционирањето и услугите што ги обезбедува операторот, со што постапил спротивно на член 144 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14 бр.101/14 и бр.132/14).

Извештајот од извршениот вонреден програмски надзор врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи е изработен од м-р Владимир Ѓорѓиески, виш соработник во Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права.

м-р Владимир Ѓорѓиески ______________

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**ПРЕДЛОГ МЕРКИ:**

1. На ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа Инел Интернационал ДООЕЛ Кавадарци, согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14 бр.101/14 и бр.132/14), да му се издаде решение за преземање на мерка-опомена со кое ќе му се наложи веднаш да го усогласи своето работење со член 144 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно на интерниот телевизиски канал што го има воспоставено, да објавува само информации за функционирањето и услугите што истиот ги обезбедува.

2. По издавањето на решение за преземање на мерка-опомена, да се направи контролен надзор врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи, ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа Инел Интернационал ДООЕЛ Кавадарци, со цел да се утврди дали истиот постапил по таквото решение упатено од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во спротивно Агенцијата да поведе прекршочна постапка против овој оператор.

   Контролниот надзор да се изврши по доставена повратница од Македонска пошта дека решението е уредно примено од страна на операторот, ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа Инел Интернационал ДООЕЛ Кавадарци.

Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права